## КОМЕНТАРИ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ЕНЕРГЕТИКА – ЕВН Македонија АД Скопје

| ЧЛЕН | ПРЕДЛОГ | ОБРАЗЛОЖЕНИЕ |
|---|---|---|
| Член 3 | Во ставот (1), во точка 113., зборовите „вообичаено искажано во секунди“ да се избришат. | Теничките можности на мерната опрема која е достапна на пазарот по цена соодветна за дистрибутивен систем, не дозволуваат испраќање податоци на толку голем број на броила во краток временски интервал. Германската регулатива за паметно мерење, за паметни мерни уреди ги смета оние кои испраќаат податоци најмалку еднаш дневно. |
| Член 3 | Во ставот (1), во точка 130., зборовите „ или оператор на дистрибутивен систем“ да се избришат. | За разлика од преносната, дистрибутивната мрежа има многу повеќе водови и елементи и поради тоа изработката на потребните анализи за изнаоѓање на загушувањата би изискувале огромни ресурси и не би биле економски оправдани. Критичните режими за анализа при приклучување би требало да исклучат појава на загушување. |
| Член 3 | Во ставот (1), точка 140., да се преформулира, со оглед дека работа во островски режим е неприменлива за електродистрибутивен систем (предлагаме поделба на дефинициите за пренос и дистрибутивен систем). | Постојниот предлог текст пред се се однесува на големите производители со парни и гасни турбини кои треба да продолжат со работа одредено време после испад од мрежа. Островски режим на работа во дистрибутивна мрежа строго се забранува бидејќи го загрозува здравјето и безбедноста пред се на лицата кои ја одржуваат мрежата, но и на останатите корисници. |
| Член 6 | Насловот на Член 6 да се прилагоди  согласно член 5 од Директивата 2019/944 и да гласи: „Пазарно формирање на цените за снабдување“<br><br>Во член 6 да се додаде став 2 од член 5 од ЕУ Директивата 2019/944 според кој “Земјите-членки обезбедуваат заштита на енергетски сиромашните и ранливите корисници на домаќинствата во согласност со членовите 28 и 29 преку социјалната политика | Фокусот на цените за снабдување со енергија треба да биде пазарното формирање отколку државна интервенција во цените. Исто така, согласно член 5, став 2 од Директивата 2019/944 , заштитата на ранливите потрошувачи се обезбедува преку социјални политики и други средства (субвенции, даночни изземања) отколку преку интервенција во цените.<br><br>Интервенција во цените да се применува во време на прогласена енергетска кризна состојба и ако цените на пазарот се несразмерно високи. Интервенцијата во цени не треба да го загрози економското работење на субјектите кои вршат енергетски дејности |

| | | |
|---|---|---|
| | или со други средства различни од јавните интервенции во одредувањето на цените за снабдување со електрична енергија.” | како јавна услуга (дистрибуција, универзално снабдување) но и да не овозможува несразмеро остварување на профити (производство).<br><br>Член 6 да се преуреди и да важи во услови на прогласена енергетска криза. Универзалниот снабдувач неможе да се грижи за социјалната сигурност на ранливите потрошувачи. Трошокот за снабдување со електрична енергија на ранливите потрошувачи треба да го превземе или компензира (авансно) државата со средства од буџетот или преку тарифите за електрична енергија. Наметнувањето на обврски за Универзалниот снабдувач кои не се трошковно рефлектирачки може да ја загрози финансиската ликвидност. |
| Член 6 | Ставот (5) да се  усогласи со Член 5 , став 6 од Директивата 2019/944 кој гласи: „За целите на преодниот период за воспоставување ефикасна конкуренција за договори за снабдување со електрична енергија помеѓу снабдувачите и за постигнување на целосно ефективни пазарни цени за малопродажба на електрична енергија во согласност со став 1, земјите-членки можат да применат јавни интервенции во одредувањето на цените за снабдување со електрична енергија на корисници од домаќинствата и на микропретпријатија кои немаат корист од јавните интервенции согласно став 3.“ | Сметаме дека овие одредби не се целосно во согласност со Директивата 2019/944 и го загрозуваат економското работење на универзалниот снабдувач кој се избира на јавен, транспарентен и недискриминаторен начин и кој понудил најниска цена за обезбедување на услугата на тендер. Сметаме дека интервенциите во цените треба да претставуваат крајна мерка во услови кога останати мерки не дале резултати. |
| Член 10 | Во ставот (1), точката 2. да се избрише.<br><br>Точките 3. и 4. да станат 2. и 3. | Оваа точка може единствено да створи забуна при имплементацијата. Оддалечено подрачје не е дефинирано, а оддалеченоста сама по себе не треба да биде критериум за ранливост на потрошувачите. |
| Член 73 | Во ставот (1) да се додаде нова точка 3., која гласи:<br><br>„3. операторите на соодветните системи против корисниците кои не дозволуваат пристап до мерните уреди на начин предвиден во овој закон, при што ќе има право да поднесува прекршочни пријави против овие корисници до надлежниот прекршочен суд, како и да застапува пред надлежниот прекршочен суд  по поднесената пријава“ | Овој предлог треба да помогне во обезбедувањето на пристап кое е законско право на операторите а законска обврска за корисниците. Во моментот не постоиу начин како да се отпочне прекршочната постапка во случај кога корсиник не го ја исполнува законската обврска за обезбедување на непречен пристап до мерно место и на тој начин останува неказнет кога попречува пристап. Глобите се веќе предвидени во Член 295 од законот, останува единствено начинот на иницирање на прекршочната постапка од орган надлежен за надзор. |
| Член 73 | Во ставот (5), точката на крајот да се замени со запирка и да се додаде текстот „при што не се спречува правото на ниту една страна на поведување на судски спор.“ | Причината за овој предлог е да се појасни за судовите дека надлежноста останува и да не се прогласуваат за ненадлежни префрлајќи ја надлежноста кон Регулаторната комисија за енергетика. |

| | | |
|---|---|---|
| Член 87 | Во ставов (7), по зборовите „сите енергетски објекти“ да се додадат зборовите „за производство на електрична и топлинска енергија“. | Појаснување на веќе предвидената категорија на енергетски објекти во став (1) на истиот член, дека се однесува само за обејтки за производство и складирање на енергија, а не и за останатите елементи од дистрибутивната мрежа |
| Член 87 | Во ставот (13), во точка 3., зборовите „кои операторите се должни да ги вклучат во своите развојни планови“ да се избришат. | Развојните планови на операторите на систем се изработуваат со цел да се излезе во пресрет на сите корисници на дистрибутивниот систем и истите се ограничени во износ кој е одобрен од страна на Регулаторната комисија и е вклучен во тарифите за пренос и дистрибуција на електрична енергија. Секоја дополнителна обврска за вклучување на проекти во развојните планови кои не биле предвидени во рамки на постапката за утврдување на регулиран максимален приход и тарифи ќе биде на сметка на останатите проекти кои се предвидени. |
| Член 87 | Во ставот (10), во точка 5., по зборовите „пазарни анализи“ да се додатат зборовите „, од страна на операторот на електропреносниот систем“. | Наведените активности не се карактеристични за операторот на електридистрибутивен систем. |
| Член 88 | Во ставот (1), во точка 1. по зборовите „изградба на електроенергетски објекти“ да се додаде „за производство на електрична енергија“.<br><br>Во ставот (2), во точка 3. по зборовите „постоечки енергетски објект“да се додаде „за производство на електрична енергија“.<br><br>Во ставот (3), по зборовите „капацитет на енергетските објекти“да се додаде „за производство на електрична енергија“. | Предложената измена на оваа одредба треба да превенира широко толкување дали кога се наведува „изградба на електроенергетски објекти“се мисли на секаков тип на енергетски објекти, вклучително и на елементи од системите за пренос и дистрибуција на електрична енергија.<br><br>За електроенергетски објекти кои се  дел од електродистрибутивната мрежа не треба да постои обврска за вадење на овластување затоа што ОДС има законска обврска за одржување и развој на мрежата, истото претставува огромен административен напор за ОДС и сериозно ќе ги наруши процесите и редовните оперативни активности на ОДС. |
| Член 88 | Во ставот (4), по зборовите „Општински енергетски план“ да се додадат зборовите „изработен врз основ на Годишниот план за изградба на енергетски објекти“. | Потребно е да се предвиди усогласување на Општинскиоот енергетски план со Годишниот план за изградба на енергетски објекти. |
| Член 93 | Во Ставот (6), точките 2. и 3. да се усогласат. | Предвидено е активирање на гаранција кога не е добиено Решение за приклучување во рок од 9 месеци, како и ако не е добиено Одобрение за градење во рок од 3 години, што не кореспондира со постоечкитата регулатива, каде добивање на Одобрение за градење е предуслов за добивање на Решение за приклучување. |

| | | |
|---|---|---|
| Член 96 | Во ставот (1), зборот „мора“ да се замени со зборот „може“. | Сметаме дека треба да се остави простор за системите за складирање на електрична енергија да се користат согласно потребите на инвеститорот. Не секогаш сопствениците на системите за складирање на електрична енергија ќе бидат лиценцирани оператори на складиште, системите за складирање може да имаат и друга намена (на пример, нема да полни од мрежа, само ќе го префрла производниот товар во друг временски интервал). Исто така, оваа обврска нема смисол за системите за складирање на електрична енергија со помал капацитет |
| Член 99 | Во ставот (4), пред зборовите „заклучоците од Годишниот план“ да се додадат зборовите „последиците од приклучувањето кои ќе ги претрпат другите корисници на мрежата, местото на приклучување на постројките, објектите и уредите за кои се бара приклучување и видот на потребната инсталација за приклучување на мрежата, како и“. | Кога станува збор за методологија, истата мора да биде апликативна, еднозначна и универзална за корисниците на системите и не може да зависи исклучиво од заклучоците од Годишниот план за инвестциии во енергетски капацитети и овластувањето на електроенергетски објекти, кој може да биде различен секоја година.<br><br>Дополнително, да се појасни наведениот Годишен план за инвестциии во енергетски капацитети дали се однесува на Годишниот план за изградба на енергетски објекти и соодветно да се прилагоди ако е потребно. |
| Член 99 | Во ставот (7) зборовите “и/или дистрибутивниот да се избришат” | Согласно член 42 од Директивата 2019/944, само операторот на електропреносниот систем нема право да одбие приклучување на објект за производство и складирање на електрична енергија. Директивата не предвидува ограничување за операторот на електродистрибутивниот систем да одбие приклучување на нов производител на електрична енергија. Во пракса, во повеќе случаи кога нема технички услови во определени подрачја, операторот на дистрибутивен систем мора да одбие приклучок со цел да не ја наруши испораката на електрична енергија за посточеките корисници на дистрибутивниот систем. |
| Член 99 | Во ставот (8), после зборовите „Операторот на соодветната“ да се додаде „преносна“. | Проектни програми за енергетска инфраструктура не се изработуваат од страна на операторот на електродистрибутивниот систем. |
| Член 100 | Во ставот (3), после зборовите „Операторот на соодветниот“ да се додаде „преносен“. | Проектни програми за енергетска инфраструктура не се изработуваат од страна на операторот на електродистрибутивниот систем. |
| Член 101 | Ставот (6) да се појасни за каква енергетска инфраструктура станува збор и во кои случаи постои обврска за предавање на сопственост. | Ставот е нејасен и остава простор за различна интерпретација. |

| | | |
|---|---|---|
| Член 140 | Во ставот (1), по точка 1. да се додаде нова точка 2. која гласи:<br><br>„ 2. да овозможи зголемување на одобрена моќност на веќе приклучени производители, складиштата и потрошувачи на електрична енергија, како и електродистрибутивните системи во Република Северна Македонија“ | Овој дел не е опфатен како обврска на ОЕПС, кога приклучени корисници на електропреносен систем имаат потреба за зголемување на моќност. |
| Член 140 | По ставот (1) да се додаде нов став (2) кој гласи:<br><br>(1) „ При приклучувањето на електропреносната мрежа од став (1) точка 1. на овој член, операторот на електропреносниот систем е должен да даде приоритет на приклучувањето на:<br>1. електродистрибутивните системи.<br>2. производителите кои користат обновливи извори и складиштата на електрична енергија, за кои постои можност да се приклучат на инфраструктура која веќе е приклучена на преносната мрежа.“<br><br>Ставовите (2) и (3) да станат ставови (3) и (4) | Имајќи ја предвид обврската за јавна услуга на операторот на електродистрибутивниот систем, овие барања би требало да имаат предност пред сите останати барања од инвеститори.<br><br>Исто така, веќе приклучените приватни мрежи треба да се искористат максимално за овозможување на поголема интеграција на производителите, складиштата и потрошувачите на електрична енергија. |
| Член 167 | Да се додаде нов став (6) кој гласи:<br><br>„Секое постапување на корисникот на системот спротивно на обврските предвидени во ставот (5) ќе претставува прекршок за кој е предвидена прекршочна глоба и во тој случај операторот на електродистрибутивниот систем има право да поднесе посебна пријава до Регулаторната комисија за енергетика, која има право да поднесува прекршочни пријави до надлежен суд против корисниците.“<br><br>Ставот (6) да стане став (7). | Намерата е со овој предлог да се создаде дополнителен притисок врз корисниците да ги исполнат своите обврски за обезбедување на пристап согласно овој закон. |
| Член 176 | Ставот (3) да се избрише. | Овој рок е премногу краток и со оглед на специфичноста на постапката и сите поврзани процеси, сметаме дека истиот не треба да се утврдува со закон. Во законот веќе стои дека треба да се спроведе во рок од 3 недели, а секој пократок рок по потреба може да се пропише во Правила за снабдување, каде ќе се предвидат сите други постапки и обврски за чинителите кои би требало да го направат овој рок возможен за имплементација (колку пати во рок од еден месец може да се промени снабдувач, |

| | | |
|---|---|---|
| | | комуникацијата помеѓу засегнатите страни, можноста за физичко спроведување а активностите од страна на ОДС и слично). Доколку остане оваа одредба, без дополнителни појаснувања, може да создаде многу непредвидени проблеми и да го наруши слободниот пазар на електрична енергија.<br><br>Дополнително, како што е дефинирано во Директивата 2019/944 предвидува промена на снабдувач во рок од 24 часа во работен ден (викененди и празници не се земаат предвид). Исто така, духот на Директивата е рокот да се однесува за малите потрошувачи, вклучително и домаќинствата, додека доколку се примени на големи потрошувачи неоправдано се изложуваат снабдувачите со оглед дека евентуална промена може да им ги наруши портфолијата во поглед на набавката на електрична енергија.<br><br>Напоменуваме дека усогласувањето со ЕУ директивите не е исклучиво предмет на законски решенија туку истото може да се спроведе и во рамки во подзаконските акти. Доколку се имплементира во Правилата за снабдување, истото може детално да се образложи и прилагоди на ЕУ стандардите. Исто така, напоменуваме дека рокот за имплементација на Директивата 2019/944 за земјите членки на ЕУ изнесуваше 7 години (од донесувањето на истата до Јануари 2026 година). Во нашиот случај, предлогот предвидува преоден период за подготовка од 1 година. |
| Член 179 | Ставот 4 да се преформулира и да упатува на примена на посебни прописи за заштита на потрошувачи како на пример: Услови за снабдување, Правила за обештетување, Мрежни правила, наместо на примена на општи прописи. | Законот треба да упатува на посебните прописи од областа на енергетиката. Законот за заштита на потрошувачи е општ и неможе да ја регулира заштитата на потрошувачите како што тоа беше регулиарно со посебни правила Услови за снабдување, Правила за обештетување, Мрежни правила. |
| Член 182 | Во ставот (2) во точка 2., подточка 2.2., после зборовите „преку агрегатор“ да се додаде „или снабдувач“ | Да се предвиди можност активен потрошувач да ја продата својата енергија на снабдувачите. |
| Член 183 | Во ставот (7), зборовите „Законот за здруженија и фондации“ да се заменат со зборовите „Закон за трговски друштва“. | Енергетската заедница  може да остварува приход а здружението на граѓани не може да остварува приходи. |
| Член 185 | Ставот (2) да се избрише. | Сметаме дека овој став е целосно непотребен. Во пракса, снабдувачите не фактурираат надомест за достава на фактура ниту пак за информации содржани во фактурата. Единствено се фактурира потрошена енергија со соодветна цена. |

| | | |
|---|---|---|
| Член 186 | Во ставот (4) во точка 4., зборовите „Најдобрите достапни“ да се избришат. | Во делот на сајбер безбедност, дури ниту земјите членки на ЕУ не применуваат најдобри достапни техники. |
| Член 186 | Во ставот (6), зборовите „ , при што во рок од седум години од донесувањето на одлуката кај 80% од потрошувачите треба да имаат инсталирано паметни мерни уреди“ да се избришат. | Бидејќи самиот процес на дефинирање на техничка и финансиска стратегија, подготовка на технички спецификации, процес на набавка како и имплементација на софтвер и монтажа на самите броила е долготраен и комплексен и треба да се усогласи со годишниот план за верификација на броилата, сметаме дека 7 години е краток период. Сепак треба да се опфати период од барем 10 години. |
| Член 187 | Во став (1) точка 1., зборовите „во реално време“ да се избришат. | Сметаме дека барањето “во реално време“ е преголемо и дека не се практикува дури ни во земји од ЕУ. Предлагаме да биде дефинирано во насока - Прецизно да ја мери потрошувачката на електрична енергија и крајниот потрошувач да има увид во неговата потрошувачка. Самиот процес на "далечинско отчитување" на броилата од централниот систем HES е препрограмиран да се одвива на одреден временски интервал зависно од типот на технологија која се користи (најчесто дневно читање) по што податоците од броилото се достапни “системски“ на увид на ОДС и понатаму на корисникот |
| Член 187 | Во став (1) точка 2., зборовите „и пресметка“ да се избришат. | Броилата не прават пресметка. |
| Член 187 | Во ставот (1), точка 4. да се избрише. | Сметаме дека барањето “во реално време“ е преголемо и дека не се практикува дури ни во земји од ЕУ. Предлагаме да биде дефинирано во насока - Прецизно да ја мери потрошувачката на електрична енергија и крајниот потрошувач да има увид во неговата потрошувачка. Самиот процес на "далечинско отчитување" на броилата од централниот систем HES е препрограмиран да се одвива на одреден временски интервал зависно од типот на технологија која се користи (најчесто дневно читање) по што податоците од броилото се достапни “системски“ на увид на ОДС и понатаму на корисникот |
| Член 187 | Во ставот (1), во точка 5., зборовите „најдобрите“ и „највисоко ниво“ да се избришат. | Во делот на сајбер безбедност, дури ниту земјите членки на ЕУ не применуваат најдобри достапни техники. |
| Член 187 | Ставот (2) да се избрише. | Сметаме дека корисникот не треба да го користи броилото за ваква намена (од технички, безбедносни како и обиди за манипулација на истото). За потребата користење и увид на податоци од страна на корисникот предлагаме имплементирање на web портал кој би се користел за ваква намена. |

| | | |
|---|---|---|
| Член 187 | Во ставот (3), зборовите „стандардизиран комуникациски интерфејс или“ да се избришат. | Крајните корисници не треба да го користат броилото како медиум за добивање на информации за потрошувачката т.е. физички да пристапуваат до него за оваа намена, заради превенција на манипулации и злоупотреби. |
| Член 188 | Во ставот (2), точката 1. да се избрише. | Мерните уреди (паметни или стандардни) се сопственост на ОДС, и поради ова функциите за интероперабилност како и останатите технички функционалности сметаме дека не треба да се споделуваат со крајните корисници. Корисникот треба да биде информиран за начинот на кој може да пристапи до податоците за неговата потрошувачка/производство |
| Член 267 | Во ставот (1), зборовите „Не се дозволува“ да се заменат со зборовите „Се забранува“ | Посоодветна формулација. |
| Член 271 | Во ставот (4), збророт „регулирани“ да се избрише. | Оваа одредба треба да важи за сите носители на лиценца, нејасно е зошто се предвидува само за регулираните дејности а се исклучуваат останатите дејности. |
| Член 275 | Во ставот (1) во точка 2., пред зборовите „не ги приклучи производителите“ да се додаде зборот „неоправдано“. | ОДС има право да одбие барање за приклучок и барање за пристап во случаи определени во овој закон и друг пропис. Потребно е да се појасни дека ваквото одбивање нема да се смета за прекршок, доколку истото е оправдано. |
| Член 279 | Во ставот (8), покрај надлежен орган да се предвиди и судска заштита. | Да се појасни неспорното право на судска заштита. |
| Член 282 | Во ставот (1) наместо „10%“ да стои „2%“. | Предидените казни се огромни и не соодветствуваат со тежината на прекршоците. |
| Член 297 | Ставот (3) и ставот (5) да се избришат. | Издадените лиценци да продолжат да важат согласно рокот на важење. Да не се загрозува правната сигурност на вршителите на енергетски дејности. |
| Член 299 | Во ставот (1), по зборовите „ кои се стекнале со лиценца“ да се додадат зборовите „, вклучително и времена лиценца“. | Сметаме дека овие чинители не се опфатени со предложената одредба. |

| | | |
|---|---|---|
| Член 301 | Членот да се избрише. | Во иста насока со предлогот и коментарот на член 176. |